57.

НОВА МАКЕДОНИЈА, бр.6487, 25 октомври 1964 година

ИЗЛОЖБА НА ПОДАРЕНА ГРАФИКА НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОС

Во Скопје, во просториите на Работничкиот дом - универзитет е отворена изложба на подарена графика на Музејот на современа уметност во Скопје.

На изложбата се прикажани 48 експонати на црно бела графика и графика во боја. Автори на изложените експонати се: Ерки Талари од Финска, кој на Музејот му подари 33 графики, Јозо Хамагуши од Јапонија и Грисхабер Хап од Западна Германија кои на изложбата се застапени со по 4 графики, Ри Ван Росем од Белгија и Стансилав Војтович од Полска со по 3 графики и Ѓузепе Сантомазо од Италија со една графика.

Сите изложени дела во Музејот се дојдени од Љубљана. Имено, подарените дела на Музејот на современа уметност во Скопје, минатата година беа изложени на Биеналето на графиката во Љубљана, кога нивните автори изразија желба да дадат свој прилог за оформување богата интернационална колекција на Музејот во Скопје.